Врз основа на член 61 став 5 од Законот за животна средина(„Службен весник на РМ“бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10 и124/10),и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти,како и планови и програми од областа на животната средина(„Службен весник на РМ“ бр.147/05) Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

ОДЛУКА

За изработка на Ивештај за стратегиска оцена на животната средина за Локална урбанистичка планска документација за изградба на спортско – рекреативен комплекс вон населено место за дел од КП 7994 , Општина Струмица за плански период од 5 години.

Член 1

Со оваа Одлука се изработува Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Локална урбанистичка планска документација за изградба на спортско – рекреативен комплекс вон населено место за дел од КП 7994 , Општина Струмица за плански период од 5 години.

Член 2

Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Локална урбанистичка планска документација за изградба на спортско – рекреативен комплекс вон населено место за дел од КП 7994 - Општина Струмица за плански период од 5 години,ќе биде изработен од страна на Друштво за консалтинг,обука и услуги ЕВОЛВИНГ ДОО Скопје.

Член 3

Јавната расправа ќе се одржи на ден 17.06.2011 (петок) со почеток во 11 часот во просториите на Општина Струмица.

Член 4

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе биде ставен на јавен увид на веб страната на Општина Струмица во периодот од 27.05.2011 до 25.06.2011 год,во кој рок заинтересираната јавност може да доставува забелешки,мислења и предлози по електронски пат,по пошта или преку архивата на Општина Струмица.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОПШТИНА СТРУМИЦА

Градоначалник

Зоран Заев